Бр./Nr 12-533/5

29-07-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предметот со број 12-533/1 од 03.02.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што надлежниот орган не констатирал повреда на прописите од областа на високото образование.

Предметот со број 12-533/1 од 03.03.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-533/1 од 03.02.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Наводите од пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски избор во наставно-научно звање вонреден професор на /// на ///, во сите области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и наставно-научното поле математика област 10900 математика, а немала докторат од областа на математика.

Заради утврдување на состојбите за предметниот случај ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ, да ги испита наводите од пријавата.

Од страна на Државниот просветен инспекторат на РСМ е доставен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор /// од /// година, во претходно споменатата високообразовна уставанова. Во овој записник е констатирано дека изборот на посоченото лице во пријавата за вонреден професор е извршен со Одлука бр. /// од /// година. Посоченото службено лице поседува диплома бр. /// од /// година, издадена од истата високообразовна установа, со која се стекнало со научен степен доктор на информатички науки. Изборот за вонреден професор бил извршен врз основа на Одлука бр. /// од /// година донесена од Наставно-научниот совет на високообразовната установа, според која, изборот и реизборот на наставниците на факултетот ќе се врши според Фраскатиевиот прирачник од 2015 година, до неговото објавување во "Службен весник на РМ", а пред тоа по областите кои се сродни на Фраскатиевата класификација ("Службен весник на РМ" бр. 103/2010), каде е наведена и областа 10900 математика. Надлежниот орган не констатирал повреда на прописите од областа на високото образование при изборот на посоченото службено лице за вонреден професор во споменатата високообразовна установа.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот имајќи предвид дека надлежниот орган не констатирал повреда на прописите од областа на високото образование поради што нема основ за натамошно постапување, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заменик -претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК